# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 06 04.07.2025, петок

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Решение за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово............................................. 2
**2.Решение** за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово.......................................................................... 2
**3.Решение** за објавување на Одлука за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година.2
**4.Одлука** за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година.................................. 2
**5.Решение** за објавување на Одлука за за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности......... 4
**6.Одлука** за за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности............................... 4
**7.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 година и 21.03.2025 година........................... 5
**8.Заклучок** за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 година и 21.03.2025 година................................................................ 5
**9.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово............................................................ 6
**10.Заклучок** за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово.......................................................................... 6
**11.Решение** за објавување на Програма за измена и дополнување на програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година.................................... 7
**12.Програма** за измена и дополнување на програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година..................................................................................... 7

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на J.У. Центар за социјална работа Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и седмата редовна седница, одржана на ден 30.06.2025 година.

Бр.09-884/2 — Градоначалник
04.06.2025 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

Врз основа на член 183 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово а имајќи го во предвид Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово бр.18-4505/1 од 29.04.2025 година донесено од Владата на Република Северна Македонија, Советот на Општина Валандово, на четириесет и седмата редовна седница одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за предлагање на член на Управниот одбор на J.У.Центар за социјална работа Валандово**

**1.** За член на Управниот одбор на Ј.У.Центар за социјална работа-Валандово, Советот на Општина Валандово ја предлага:

- Елена Фидански – дипломиран правник - вработена во општинската администрација на Општина Валандово, на работно место Соработник за нормативно – правни работи и управување со човечки ресурси.

**2**. Со денот на влегувањето во сила на оваа Решение престанува да важи Решението за предлагање член на Управниот одбор на Ј.У.Центар за социјална работа-Валандово бр.08-15/15 од 31.01.2024 година.

**3.** Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-88/2 — Совет на Општина Валандово
30.06.2025 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и седмата редовна седница, одржана на ден 30.06.2025 година.

Бр.09-884/6 — Градоначалник
02.06.2025 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 73 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово а имајќи ги во предвид Барањето бр.03-195/1 од 27.05.2025 година поднесено од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово заведено под бр.08-67/1 од 28.05.2025 година и бр.03-146/1 од 27.05.2025 година поднесено од ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово заведено под бр.08-66/1 од 27.05.20258 година, Советот на Општина Валандово, на четириесет и седмата редовна седница одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово се определува висината на износот на бесплатниот превоз за учениците, учениците со попреченост и лицата за нивна придружба од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за релации за кои нема обезбедено линиски превоз, за учебната 2025/2026 година.

**Член 2**

Советот на Општина Валандово ја утврдува висината на износот на бесплатниот превоз за лицата од член 1 на оваа Одлука, за релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година на следниот начин:

| Дел 1 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден бр. | Релација | Единица мерка (ученик) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Количина (ученици) | Вкупна дневна цена без ДДВ (3x4) | ДДВ 5% | Вкупна цена со ДДВ |
| 1 | Собри –Раброво-Валандово и обратно (18 km) | 1 | 75 денари | 27 | 2.025,00 | 101,25 | 2126,25 |
| 2 | Казандол – Валандово - Чалакли и обратно (16km) | 1 | 120 денари | 22 | 2.640,00 | 132,00 | 2772,00 |
| 3 | Балинци – Брајковци – Валандово и обратно (12km) | 1 | 25 денари | 39 | 975,00 | 48,75 | 1023,75 |
| 4 | Дедели - Валандово и обратно (14km) | 1 | 225 денари | 8 | 1.800,00 | 90,00 | 1890,00 |
| 5 | Кочули – Башибос – Куртамзали – Прстен – Чалакли и обратно (26km) | 1 | 170 денари | 15 | 2.550,00 | 127,50 | 2677,50 |
| 6. | Дорломбос - Чалакли и обратно (21km) | 1 | 500 денари | 5 | 2.500.00 | 125.00 | 2625,00 |

| Дел 2 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден бр. | Релација | Единица мерка | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Количина (ученици) | Вкупна цена без ДДВ (3х4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| 1 | Јосифово – Удово и обратно (5km) | 1 | 30 денари | 32 | 960,00 | 48,00 | 1008,00 |
| 2 | Јосифово – Марвинци – Грчиште и обратно (35km) | 1 | 60 денари | 21 | 1.260,00 | 63,00 | 1323,00 |
| 3 | Јосифово – Калково и обратно (5km) | 1 | 50 денари | 34 | 1.700,00 | 85,00 | 1785,00 |
| 4 | Јосифово – Горна Маала и обратно (5km) | 1 | 60 денари | 11 | 660,00 | 33,00 | 693,00 |
| 5 | Грчиште – Марвинци и обратно (5km) | 1 | 60 денари | 1 | 60,00 | 3,00 | 63,00 |

**Член 3**

Конечната цена на услугите ќе биде утврдена од страна на училиштата во зависност од најповолната прифатена понуда согласно спроведените постапки согласно Законот за јавните набавки.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесување а ќе биде објавена во “Службен гласник на Општина Валандово”.

Бр.08-88/6 Совет на Општина Валандово
30.06.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и седмата редовна седница, одржана на ден 30.06.2025 година.

Бр.09-884/7 Градоначалник
04.07.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и седмата редовна седница одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат финансиски средства за реализација на програмски активности, на следните Здруженија на граѓани:

- 15.000,00 денари на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово, со ЕДБ 4003017503131 како финансиска поддршка за реализација на турнир во одбојка „Никола Тодоров” во Пирава.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка на корисникот трансакциска сметка број 210071819300109, депонент НЛБ Банка АД Скопје.

- 60.000,00 денари на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово, со ЕДБ 4003017503131 како финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација Ноќен турнир во мал фудбал „меморијал НАЧО 2025” Пирава,

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка на корисникот трансакциска сметка број 210071819300109, депонент НЛБ Банка АД Скопје.

- 75.000,00 денари на Здружение вокална група „Распеани Валандовчани" Валандово со ЕДБ 4003009500859, како финансиска поддршка за организирање и реализација на културна манифестација.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка на корисникот трансакциска сметка број 210064928190219, депонент НЛБ Банка АД Скопје.

- 90.000,00 денари на ФК „Ударник" Пирава, со ЕДБ 4003975102118 како финансиска помош за реализација на тековни програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на корисникот трансакциска сметка број 200002525943624 депонент Стопанска банка АД Скопје.

- 90.000,00 денари на ФК „Победа" Валандово со ЕДБ 4003002103544, како финансиска помош за реализација на тековни програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Победа" Валандово број 200001634535837 депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 2**

Корисниците од член 1 на оваа Одлука се должни, одобрените средства наменски да ги употребат и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација, да достават финснсиски извештаи, со фотокопија од документацијата за намената за која ги имат искористено.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-88/7 — Совет на Општина Валандово
30.06.2025 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 година и 21.03.2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 година и 21.03.2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и седмата редовна седница, одржана на ден 30.06.2025 година.

Бр.09-884/4 — Градоначалник
04.07.2025 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

---

Советот на Општина Валандово, на четириесет и седмата редовна седница одржана на ден 30.06.2025 година, расправаше по Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 година и 21.03.2025 година, при што согласно член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 година и 21.03.2025 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 година и 21.03.2025 година, на вкупен износ на утврдени и проценети штети од 126.058.533,00 денари (сто дваесет и шест милиони педесет и осум илјади петстотини триесет и три денари).

2. Елаборатот да се достави до сите надлежни инстируции за постапување по истиот.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-88/4 — Совет на Општина Валандово
30.06.2025 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и седмата редовна седница, одржана на ден 30.06.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-884/5 | Градоначалник |
| 04.07.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

**И Н Ф О Р М А Ц И Ј А**

**за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово за период од 01.01.2024 до 31.05.2025 година**

Надлежностите на општината во областа на социјалната заштита се пропишани со член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа и член 15 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Валандово.

Со Законот за социјалната заштита („Сл.весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), во член 11, е пропишано дека за остварување на дејноста на социјалната заштита, општините развиваат локални мерки и активности за социјална заштита. Меѓу другите мерки и активности утврдено е дека општините донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита. Во таа смисла Советот на Општина Валандово најпрво на дваесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.09.2019 година, донесе Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош а потоа усвои нов Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и потребната документација за остварување на ова право бр.08-112/13 од 01.10.2024 година (Сл.Гласник бр.8/2024).

Притоа, согласно со утврдените основи со Правилникот, право на користење на средства во вид на едократна парична помош, може да остварат:

- физички лица кои се корисници на минимална социјална помош или се во состојба на социјален ризик а имаат потреба од лекување надвор од државата до 30.000,00 денари;
- физички лица кои се корисници на минимална социјална помош или се во состојба на социјален ризик а кои имаат потреба од лекување во државата до 15.000,00 денари;
- физички лица кои се корисници на минимална социјална помош и кои не се во редовен работен однос до 10.000,00 денари;
- физички лица кои имаат потреба од еднократна парична помош за починат член на потесно семејство, а кои се во состојба на социјален ризик до 15.000,00 денари
- поединци или семејства кои претрпеле штета од природна непогода (земјотрес, поплава, пожар и др.) на сопствен стамбен/помошен објект или преработувачки капацитет во земјоделството и тоа:
  - Прва категорија - 30.000,00 денари;
  - Втора категорија - 20.000,00 денари;
  - Трета категорија - 10.000,00 денари.

Горенаведената еднократна помош може да се користи само еднаш во текот на една календарска година.

Согласно Правилникот, ова право се остварува врз основа на поднесено Барање, со приложена документација.

Разгледувањето на барањето, неговата обработка како и постапување по истото, го врши 5-члена Комисија, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Валандово.

Врз основа на приложената документација, пропишана со овој Правилник, Записникот од извршениот увид за утврдување на постоење на социјален ризик, како и врз основа на својот наод и мислење и/или извршена проценка на штета, Комисијата доставува до Градоначалникот Предлог за доделување на средства во вид на еднократна парична помош.

Со оваа Информација ќе биде прикажано остварувањето на правото на еднократна парична помош, во административна постапка спроведена од страна на органите на општината, согласно донесените акти од Советот и законските надлежности на општината, со податоци за периодот од 01.01.2024 година заклучно со 31.05.2025 година.

Во овој период по сите основи поднесени се вкупно **93 барања**, од кои позитивно се решени **77 барања**, а за останатите Комисијата, согласно утврдените критериуми со Правилникот, има констатирано дека не постои основ за остварување на оваа право.

Состојбата со остварувањето на правото по години и според потреби е следната:

**За период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година** од поднесените 60 барања, позитивно се решени 52 (педесет и две) при што на 25 (дваесет и пет) лица е доделена еднократна помош за лекување а на 23 (дваесет и три) лица е доделена еснократна помош за настана социјален ризик додека пак на 4 (четири) лица е доделена еднократна помош за претрпена штета од природна непогода (пожар).

**За период од 01.01.2025 година до 31.05.2025 година** од поднесените 33 барања, позитивно се решени 25 (дваесет и пет) при што на при што на 13 (тринаесет) лица е доделена еднократна помош за лекување а на 12 (дванаесет) лица е доделена еднократна помош за настана социјален ризик.

Во овој период Советот на Општина Валандово има усвоено посебни одлуки за потреби од социјална заштита, кои не се пропишани со Правилникот или за кои имало потреба од доделување на позначителни средства.

Со оваа Информацијата не се опфатени правата на социјална помош кои граѓаните ги остваруваат преку Центарот за социјална заштита, во постапка пропишана со Законот за социјалната заштита.

Бр.08-88/5 Совет на Општина Валандово
30.06.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за измена и дополнување на програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за измена и дополнување на програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и седмата редовна седница, одржана на ден 30.06.2025 година.

Бр.09-88/3 Градоначалник
04.07.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 3, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на Општина Валандово на четириесет и седмата редовна седница одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година**

**Член 1**

Во Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година бр.08-161/8 од 23.12.2024 година (Сл.Гласник бр.12/2024), усвоена од Советот на Општина Валандово, се вршат следните измени и дополнувања::

Во точка 3. Активности, алинеја 3.4 Реализација на проекти се додава текстот:

- Изградба на затворен пливачки базен во Валандово. Проектот е аплициран на Јавен повик за изразување на интерес од страна на општините за финасирање на инфраструктурни проекти во Министерството за образование и наука;
  - Вкупна вредност на проектот 61.488.722,00 денари.
- Реконструкција на основно училиште ПУ „Даме Груев“ Брајковци. Проектот е аплициран на Јавен повик за изразување на интерес од страна на општините за финасирање на инфраструктурни проекти во Министерството за образование и наука;
  - Вкупна вредност на проектот 10.589.869,00 денари.
- Адаптација на ЈП Комунален сервис во Валандово и поставување на фотоволтаични панели за произвдство на електрична енергија. Проектот е аплициран на Јавен повик за изразување на интерес од страна на општините за финасирање на инфраструктурни проекти во Министерството за транспорт;
  - Вкупна вредност на проектот 6.525.094,00 денари.
- Реконструкција на доводен цевковод од постоечка пумпна станица до постоечки резервоар на град Валандово и до постоечки резервоар на с. Чалакли, главен цевковод од постоечки резервоар на град Валандово до приклучок на с. Раброво и доводен цевковод од приклушок на с. Раброво до пумпна станица во с. Дедели, општина Валандово. Проектот ќе се реализира по обезбедување на финансиски средства.
  - Вкупна вредност на проектот 57.569.554,00 денари.

**Член 2**

Останатите одредби од Програмата остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“

Бр.08-88/4 Совет на Општина Валандово
30.06.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков